## IV. ПЕРИОД И ПАРТНЕРИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ

Проектот се спроведува во форма на Брз твининг проект помеѓу земјата-корисник и државата-членка преку размена на искуство, знаење и примери на добра пракса. Периодот за спроведување е осум месеци, додека институциите кои учествуваат во спроведувањето на проектот се следните:

**– од страната на земјата-корисник:**

- **Генералниот секретаријат на Владата** како главна институција корисник на овој Брз твининг проект
- **Секторот за централно финансирање и склучување договори (ЦФЦД) од Министерството за финансии** – Орган за склучување договори

**– од страната на државата-членка:**

- **Владата на Република Хрватска – Канцеларијата за соработка со НВОи** – телото од државата-членка одговорно за спроведување на проектот
- **Агенцијата за централно финансирање и склучување договори (CFCA)** како орган од државата-членка одговорно за административно и финансиско управување
- **Министерството за финансии на Република Хрватска** – институцијата од државата-членка која обезбедува краткорочен експерт

## V. БУЏЕТ НА ПРОЕКТОТ

Проектот се спроведува преку Договор за брз твининг чија вредност се оценува на најмногу 250.000 евра (од кои 95% средства од ИПА и 5% национално ко-финансирање).

Твинингот е инструмент за административна соработка помеѓу државната администрација на земјата-корисник и институциите во државата-членка на ЕУ чија цел е да помогне и да се пренесе знаењето во врска со примената и спроведувањето на законодавството на Европската Унија. Почна да се спроведува во мај 1998 година како една од главните алатки на Европската Унија за градење на институциите со цел да обезбеди помош на земјата-корисник преку модернизација и реорганизација на нејзината јавна администрација; реорганизација, развој на човечките ресурси, како и преку усогласување на законодавството и одредбите со законодавството на ЕУ.

Повеќе за проектот прочитајте на **www.udruge.gov.hr.**

## ИНФОРМАЦИИ ЗА КОНТАКТ

### ОРГАН НАДЛЕЖЕН ЗА СКЛУЧУВАЊЕ ДОГОВОРИ

**Сектор за централно финансирање и склучување договори (ЦФЦД) на Министерството за финансии**
Даме Груев 12, 1000 Скопје
**Телефон:** + 389 3255 374
**Е-пошта:** cfcd@finance.gov.mk
**Интернет-страница:** http://cfcd.finance.gov.mk/

### ИНСТИТУЦИЈА ОД ЗЕМЈАТА-КОРИСНИК

**Генерален секретаријат на Владата**
Бул. Илинден бр.2, 1000 Скопје
**Телефон:** +389 2 3118 022
**Е-пошта:** info@vlada.gov.mk
**Интернет-страница:** www.vlada.mk

### ПАРТНЕР ОД ДРЖАВАТА-ЧЛЕНКА

**Влада на Република Хрватска**
**– Канцеларијата за соработка со НВОи**
Опатичка 4, 10000 Загреб, Република Хрватска
**Телефон:** +385 1 4599 810
**Е-пошта:** twl-mk@udruge.vlada.hr
**Интернет-страница:** https://udruge.gov.hr/

**Агенција за централно финансирање и склучување договори (CFCA)**
Улица Града Вуковара 284, блок Ц,
10000 Загреб, Република Хрватска
**Телефон:** +385 1 6042 400
**Е-пошта:** info@safu.hr
**Интернет-страница:** www.safu.hr

*Оваа публикација е подготвена со помош на Европската унија. Содржината на оваа публикација единствено е одговорност на Владата на Република Хрватска – Канцеларија за соработка со невладините организации и во никој случај не треба да се смета дека ги одразува ставовите на Европската унија.*

**Проектот е финансиран од Европската унија – Инструмент за брз твининг**

БРЗ ТВИНИНГ ПРОЕКТ ИПА 2013

# ПОНАТАМОШНО ИНСТИТУЦИОНАЛИЗИРАЊЕ НА СТРУКТУРИРАНИ МЕХАНИЗМИ ЗА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ВЛАДАТА И ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР

ЕУ за ТЕБЕ!

cfca CENTRAL FINANCE AND CONTRACTING AGENCY

GOVERNMENT OF THE REPUBLIC OF CROATIA
Office for Cooperation with NGOs

## I. ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРОЕКТОТ

Во Извештајот за напредокот од ЕУ за 2016 година е наведено дека зајакнатиот граѓански сектор е основна компонента на секое демократско општество и треба соодветно да биде признаен и третиран од државните институции. Во истиот Извештај се истакнува и потребата за поголема вклученост на граѓанските организации во подготовката на политики, во законодавниот процес и во дискусиите кои би довеле до конкретни активности, како и до поконструктивна соработка меѓу Владата и невладините чинители. Во приоритетната област 5: „Зајакната институционална рамка и практики за соработка" од Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор Владата на земјата-корисник (ЗК) потврдува дека приоритет е формирањето на советодавно тело за унапредување на соработката, дијалогот и поттикнување на развојот на граѓанскиот сектор.

Владата на Република Хрватска – Канцеларијата за соработка со невладините организации, државата-членка партнер во проектот (ДЧ) врши стручни работи во рамките на надлежностите на Владата на Хрватска,а со цел создавање услови за соработка и партнерство со невладини, непрофитни организации, особено со здруженијата од Република Хрватска. Таа спроведува широк спектар на активности, од соработка при креирање и предлагање нова законодавна рамка за активностите на невладините и непрофитните организации во Република Хрватска до мониторинг на спроведувањето на националната Стратегија за креирање на овозможувачка средина за развој на граѓанскиот сектор и тесна соработка со Советот за соработка на Владата со граѓанскиот сектор. Имајќи го предвид искуството на ДЧ во оваа област, соработката со ЗК предвидена во овој проект ќе обезбеди цврста основа за идната работа на релевантните институции во ЗК и ќе даде основа за идна примена и спроведување на проекти на Европската Унија во оваа област.

## II. ЦЕЛ И НАМЕНА НА ПРОЕКТОТ

**Генералната цел** на проектот е понатамошно институционализирање на структурирани механизми за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор.

**Намената на проектот** е да создаде подобрена средина за функционирање на граѓанскиот сектор преку функционален Совет за соработка на Владата со граѓанскиот сектор и подготовка на нов Акциски план (за периодот 2018-2020) за спроведување на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор.

## III. АКТИВНОСТИ НА ПРОЕКТОТ И ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

### Компонента 1 – Поддршка за воспоставување на функционално институционално тело (Совет) за дијалог и соработка меѓу Владата и граѓанскиот сектор

**Активности:**

- Ревизија на Одлуката за формирање на Советот за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (Службен весник на РМ бр. 98/2016) и подготовка на препораки/дополнувања на Одлуката
- Подготовка на Деловник за работа на Советот за соработка на Владата со граѓанскиот сектор
- Подготовка на програма и материјали за обука и организација на работилници, обуки, обуки на работното место за пренос на знаење

**Резултати:**

1. Подготвена оценка на Одлуката за формирање на Совет за соработка на Владата со граѓанскиот сектор, со препораки/дополнувања за подобрување
2. Подготвена оперативна методологија за Советот преку подготовка на Деловник за работа на Советот за соработка на Владата со граѓанскиот сектор
3. Изградени капацитети на сите избрани членови (од граѓанскиот сектор и од јавната администрација) на Советот за соработка на Владата со граѓанскиот сектор за извршување на нивните надлежности и одговорности

### Компонента 2 – Подобрена соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор

**Активности:**

- Ревизија на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2012-2017)
- Подготовка на нов Акциски план за периодот 2018 – 2020 за спроведување на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор, со можен фокус на подзаконските акти и хармонизација на релевантното законодавство
- Подготовка на писмени препораки за постојните предлог документи кои се однесуваат на приоритетните мерки од Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор
- Подготовка на програма и материјали за обука и организација на работилници и обуки на работното место за пренос на знаење

**Резултати:**

1. Ревидирана Стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор и подготвен е нов Акциски план (за периодот 2018 – 2020) за спроведување на Стратегијата, со можен фокус на подзаконските акти и усогласено релевантното законодавство
2. Обезбедени се писмени препораки за постојните предлог документи кои се однесуваат на приоритетните мерки од Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор
3. Подобрен капацитет на мрежата на државни службеници за соработка со граѓанскиот сектор, за мониторинг на спроведувањето на Акцискиот план (2018 – 2020) на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор, вклучително и јасни процедури, барања и рокови за процесот за мониторинг

### Компонента 3 – Промоција во јавноста на работата на Советот и на Акцискиот план (2018 – 2020) на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор

**Активности:**

- Поддршка за организирање најмалку еден настан за информирање на јавноста за работата на Советот и Акцискиот план (2018 – 2020) на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор
- Поддршка и помош за корисникот при организирање на приближно 3 состаноци со веќе формираните тематски/секторски мрежи на граѓанските организации (ИПА2 механизам, Мрежа 23+ и други мрежи особено оние формирани преку грантови за поддршкана граѓанското општество), со цел да се пренесат ставовите и потребите на граѓанските организации и на нивните членови, вклучително и да се добијат повратни информации за исходот/постигнатите резултати во Советот за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор.
- Поддршка и помош за корисникот да организира приближно три состаноци со локалните самоуправи, јавната администрација на централно ниво и граѓанските организации за претставување на новиот Акциски план (2018-2020) за спроведување на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор и споделување на взаемно искуство од соработката со граѓанскиот сектор.

**Резултати:**

1. Јавноста е информирана за работата на Советот и промовиран е Акцискиот план (2018 – 2020) на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор
2. Ставовите и потребите на граѓанскиот сектор и нивните членови, вклучително и повратните информации за исходот/постигнатите резултати во Советот за соработка на Владата со граѓанскиот сектор се пренесени и комуницирани
3. Зајакната е соработката помеѓу единиците на локална самоуправа и граѓанските организации